# INFORMAL EDUCATION - FROM INDIVIDUAL TO DEVELOPMENT OF THE WHOLE COMMUNITY

**Vera Veljanovska**
“Koco Racin”, Skopje, Republic of N. Macedonia, verce_tehnika@yahoo.com
**Marina Dueva**
”Kuzman Josifovski Pitu” Skopje, Republic of N. Macedonia, marinadueva@yahoo.com
**Lena Smilevska**
“Koco Racin”, Skopje, Republic of N. Macedonia, lenasmilevska @yahoo.com

**Abstract:** Our country has a long tradition in education. This tradition is supported by the Macedonian gene that is written self-education and education is transferred from generation to generation. Man builds up and forms and always educates himself, lifelong and it also acquired his knowledge and skills and thus makes them applicable knowledge to the students who he passes on his knowledge. Teacher as one of the most important components in the education system shall continuously monitor their student revealed that while his abilities and skills in which a spontaneous line will direct the building of a future person, a future profile, which will be an important factor in society . Therefore the teacher shall be an inexhaustible source of knowledge and shall lead the student to life road surrounded by success.
**Keywords:** tradition, student, knowledge, skill, leader

# НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ - ОД ИНДИВИДУАЛЕН ДО РАЗВОЈ НА ЦЕЛАТА ЗАЕДНИЦА

**Вера Вељановска**
“Кочо Рацин”, Скопје, Република С. Македонија, verce_tehnika@yahoo.com
**Марина Дуева**
”Кузман Јосифовски Питу” Скопје, Република С. Македонија, marinadueva@yahoo.com
**Лена Смилевска**
“Кочо Рацин” Скопје, Република С. Македонија, lenasmilevska @yahoo.com

**Резиме:** Нашата татковина има долгогодишна традиција во образованието. Таа традиција е поткрепена со македонскиот ген во кој е запишано самообразување и образување кое се пренесува од колено на колено поточно генерациски. Човекот се изградува и образува постојано, доживотно и токму така ги стекнува своите знаења и вештини и притоа ги прави да бидат применливи знаења пред учениците на кои им ги пренесува своите знаења. Учителот како една од најбитните компоненти во образовниот систем е должен постојано да го следи својот ученик откривајќи ги притоа неговите способности и вештини во кое како спонтана линија ке го насочи до изградување на идна личност, на иден профил кој што ќе биде битен фактор во општеството во кое живее. Токму затоа наставникот е должен да претставува непресушен извор на знаења и усмерувач кон доживотниот пат опкружен со успех.
**Клучни зборови:** традиција, ученик, знаење, вештина, усмерувач.

## ВОВЕД

Неформалното образование има долга традиција во нашата земја, но како да остана во ,,илегала,, и без соодветно општествено признание, до ден денес и заради тоа ќе се потрудиме во образованието да го подигнеме на повисок степен на свесност од одговорните фактори.

Оваа форма на доживотно стекнување на знаења и вештини, но и важни животни вредности, заслужува поголемо внимание.

Најнапред ќе направиме споредба на облиците на образование, со цел да ги согледаме нивните сличности и разлики.

**НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ - ОД ИНДИВИДУАЛЕН, ДО РАЗВОЈ НА ЦЕЛАТА ЗАЕДНИЦА**

Најпрвин да започнеме од формалното образование (formal education). Овој вид на образование е пропишан со законски и подзаконски акти. Школското образование кај нас, во поголема мера е базирано на формалните принципи на образование:

- стекнување на основни знаења, вештини и способности, во согласност со однапред подготвени наставни планови и програми;
- хиерархиски структурирано (однос наставник-ученик, еднонасочен и вертикален, наставникот е носител на знаењата, а ученикот примач на знаењата);
- поделено е на одделенија, класови и нивоа на образование (основно, средно, виши школи и високо образование);
- овозможува стекнување на дипломи, звања и статус во општествената зедница;
- по својата природа, многу малку е флексибилно и прилагодено на индивидуалните потреби.

Потребите за она што треба да се стекне со образованието постојано се променуваат со забрзаниот развој на науките и технологиите, како и социјално-економските промени кои настануваат во 60-тите и 70-тите години на 20 век. Формалното образование не успеа во доволна мера да ги следи тие промени, па подоцна од 70-тите години стапува на сцена неформалното образование(non-formal education), кое се реализира надвор од формалниот образовен систем како дополнение на формалното образование, но, во никој случај како негова спротивност.

UNESCO во 1972 година неформалното образование го дефинира како:„Организирана образовна активност, надвор од формалниот систем, кое има за цел да ги задоволува потребите на посетителите, но и целите на учењето"

**Во неформалното образование може да зборуваме за квалитетно учење, ако има**

- организирана и планирана активност;
- програма, прилагодена на целната група;
- јасно дефинирани цели;
- флексибилност на програмите;
- доброволно учество, независно од годините, искуството, претходното образование;
- обучен, компетентен кадар(обучувач, ментор, фасцилитатор);
- интерактивен, хоризонтален однос помеѓу обучувачот и сите учесници;
- се поттикнува индивидуалното и општественото учење, како и професионалниот развој;
- се стекнуваат знаења, вештини, способности, се изградуваат ставови и вредности'
- размена на искуства и вештини, и учење преку пракса, така да оние кои учат се во центарот на процесот на учењето и учењето го доживуваат како дел од себе, а не како нешто наметнато од страна;
- Во неформалното образование се нудат мноштва на програми кои можат да се групираат во две пошироки категории:
- образовни програми за стекнување на различни знаења, вештини и способности; и
- воспитни програми за изградување на ставови и позитивни животни вредности ;

**Овие програми се наменети за најразлични целни групи:**

- *за некои лица,* за кои неформалното образование е единствено можно и достапно, затоа што формалното институционално образование е затворено (имигранти, бегалци, инвалидизирани лица, маргинализирани групи, етнички групи и тн);
- *за возрасните*, каде неформалното образование го определуваме како „учење и оспособување на возрасните за работа, живот, општествени активности кои не подлежат на директна стандардизација и верификација" ;
- *за младите*, во младинските центри, клубови, невладини организации, слободни активности по училишните обврски, семејството, улицата и др;
- *родителите,* за полесно и побрзо снаоѓање во новата улога, како родители;

Иако, неформалното образование го поддржува образованието кое трае целиот живот, обучувачите имаат голема одговорност да ги привлечат и зантересираат посетителите да им ја приближат темата или содржината, учењето е базирано на пракса и лично искуство, сите се вклучени и активни, сите се чувтсвуваат исполнето, задоволни и мотивирани. Сепак, тоа не е верифицирано и признато од формалните институции.

Ќе направиме обид да ги согледаме сличностите и разликите меѓу трите облици на образование според неколку критериуми, кои нетреба да се сфатат премногу круто и како единствено исправни, точни.

| | **Формално образ.** | **Неформално обр.** | **Информално обр.** |
|---|---|---|---|
| **Од кого се учи?** | од учителите, наставниците кои се носители на знаењата;<br>- еднонасочен и вертикален | учење со група, во група и од група;<br>-интерактивен однос:обучувач-учесници; | - од животот; |
| **Како се учи?** | -институционално, често изолирано од секојдневниот живот; | - преку работа, акција, пракса, искуство | -преку интеракција со пријатели, роднини, медиуми; |
| **Што се учи?** | -академско стандардизирано знаење(општо, теориско знаење);<br>- стручни знења, вештини и способности потребни за вработување и продолжување на образованието; | практично применливо знаење, прилагодено на потребите на поединецот;<br>- изборот на содржините е на оној што учи;<br>- промоција на различни и општествени вредности (активно граѓанство, соработка, меѓусебно разбирање, солидарност; | она што е од посебен интерес на секого (ловење на риби, одгледување на садници цвеќе, пчели; грижа за децата, плетење, везење, готвење и тн. |
| **Верификација** | се издаваат дипломи и сертификати на крајот на завршувањето на школувањето | се издаваат дипломи и сертификати кои не се верифицирани; | не се верифицираат знаењата, вештините и способностите |
| **Колку-трае учењето?** | основното образование трае девет години (6-15);<br>- средното образование (три и четири години( 15-18,19);<br>- вишо и високо од 3 до 5,5 години | - трае цел живот;<br>- стекнувањето на посебни вештини е кратко и специфично; | - до крајот на животот; |
| **Добри страни** | - задолжително за сите, со цел стекнување на основни знења или вештини за вработување и продолжување на образованието;<br>- признати дипломи и сертификати; | -може да се започни било кога во животот;<br>- „втора шанса” за оние кои немаат можност редовно да се школуваат;<br>-флексибилни методи на работа, прилагодени на потребите и интересите на поединците; | - учиш кога можеш, кога сакаш и за што имаш интерес; |
| | - Се стекнува воопште- | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Лоши страни** | но знаење, па е потребно да се продолжи на специјализација, вишо и високо образование со цел да се стекнат знаења да бидат употребливи;<br>- неприлагодено на потребите на сите, нефлексибилни методи на работа(ученици со посебни потреби);<br>- непризнавање на дипломите во поголем број на земји. | - непостои се уште формално признавање на стекнатите вештини, знаења и способности | -усвојување на ставови и негативни вредности (да се биде независен, а не одговорен, сî има цена, но не и вредност) |

Од приложените карактеристики на трите облици на образование може да се каже дека неформалното образование ја овозможува општествената рамноправност на сите преку давање на еднакви можности на сите (без разлика на социјалното потекло, возраста, полот, социо-економскиот статус, да можат да влезат на „пазарот на општествени случувања", преку

- работа со лица кои доѓаат од руалните и неразвиени средини, со цел да се прилагодат на новиот начин на живеење во градот;
- подготовка на младите од предучилишна возраст за влез во формалното образование;
- дополнителна и додатна работа вон наставата со учениците, за да се надминат ефектите од преголемиот број на ученици во паралелките, ниското ниво на педагошката работа во неразвиените средини;
- продлабочување и надградување на стекнатите знаења во формалното образование на младите и возрасните, кои излегле од образовниот систем;
- давање „втора шанса" на лицата кои од било кои причини предвреме го напуштиле образованието без да стекнат одредено занимање или диплома (деликвенти, малолетни мајки, припадници на посиромашни општествени слоеви');
- програми за дискриминираните и маргинализираните групи (лица со посебни потреби, инвалиди, избеглици, раселени лица и тн.);
- за невработените лица без квалификации се нудат програми за стекнување на квалификации потребни на пазарот на трудот;
- за невработените со различни квалификации се нудат програми за секнување на комуникациски вештини, работа во тимови, пишување на работни биографии, подготовка за интервју и тн.;
- програми за подобрување на јазичната и информатичката писменост.

**Неформалното образование е форма на доживотното образование и учење. Ќе ги издвоиме трите битни претпоставки на кои се заснова овој концепт:**

- доживотното образование се надоградува на сите образовни системи (оновно, средно, више и високо образование);
- доживотното образование ги обединува сите релевантни установи, институции, индивидуи и групи преку процесот на учење;
- доживотното образование е активност, во која може да се пронајди и да ги потврди своите вредности секоја личност.

Согледувајќи го значењето на неформалното образование во Европа сé повеќе расте интересот за признавање на неформалното образование, односно негова формализација и акредитација. Основниот мотив за признавање на неформалното образование е потребата за обезбедување и развој на квалитетот на знаењата и можноста за споредување со различни видови на неформалното образование во другите земји.

Во тој правец, Работната група за неформално образование при Советот на Европа треба да постави јасни стандарди и критериуми за квалитет во неформалното образование и тоа на европско ниво.

Комитетот на Министри во Советот на Европа во врска со промовирањето и акредитацијата на неформалното образование ги даде следниве препораки:

- да се развијат ефикасни стандарди и критериуми за квалитет во неформалното образование;
- формирање листи на знаења, вештини, искуства и стекнати преку неформалното образование;

- ✓ достапност и размена на информации и примери од добра пракса, образовни методи и постигања;
- ✓ промоција на еднакви можности за сите млади со посебно внимание на социјално загрозените групи;
- ✓ поттикнување на младите да дадат свој придонес во промоција на вредностите, како што се:активно граѓанство, човекови права, толеранција, социјална правда, меѓугенерациски дијалог, мир и интеркултурно разбирање;
- ✓ активно учество на млдите во општествениот живот, посебно во земјите на транзиција;
- ✓ промоција на дијалог помеѓу учесниците во неформалното и формалното образование и подобро разбирање на различните пристапи во образованието; и
- ✓ овозможување на сите ресурси (човечки и финансиски) кои се потребни за неформалното обра-зование.

**ЗАКЛУЧОК**

Токму за оваа цел потребни се наставници, учители кои што се подготвени да го реализираат ова неформално образование од различни области. Овие учители ќе учат на рамноправност затоа што животот секому му дава можност да се докаже и покажи. Таквиот учител ќе им овозможи на поголем број личности да го подигнат своето его и да ги подобрат околностите за живеење во едно општество. Стануваме се посвесни колку светот околу нас се менува и преодот одиндустриско во информатичко општество во кој се соочуваме со знаења, компетентност и предизвик. Затоа е важно учителот да делува на адаптибилноста и флексибилноста на ученикот.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Akmanova, S. V., Kurzaeva, L. V., & Kopylova, N. A. (2019). THE MODELS OF THE MEDIA EDUCATIONAL CONCEPT OF DEVELOPING LIFELONG SELFLEARNING INDIVIDUAL READINESS. *Медиаобразование*, (1).

Ainsworth, H. L., & Eaton, S. E. (2010). *Formal, Non-Formal and Informal Learning in the Sciences*.

Díaz, P. (Ed.). (2019). Learning in a Digital World: Perspective on Interactive Technologies for Formal and Informal Education.

Dib, C. Z. (1988, October). Formal, non-formal and informal education: concepts/applicability. In *AIP conference proceedings* (Vol. 173, No. 1, pp. 300-315). AIP.

Kim, T., & Lim, J. (2019). Designing an Efficient Cloud Management Architecture for Sustainable Online Lifelong Education. *Sustainability*, *11*(6), 1523.

Longworth, N. (2019). *Making lifelong learning work*. Routledge.

Misko, J. (2008). *Combining Formal, Non-Formal and Informal Learning for Workforce Skill Development*. National Centre for Vocational Education Research Ltd. PO Box 8288, Stational Arcade, Adelaide, SA 5000, Australia.

Newman, T., Trimmer, K., & Padró, F. F. (2019). The need for case studies to illustrate quality practice: teaching in higher education to ensure quality of entry level professionals. In *Ensuring Quality in Professional Education Volume I* (pp. 1-17). Palgrave Macmillan, Cham.

Oliver, P. (Ed.). (2019). *Lifelong and continuing education: what is a learning society?*. Routledge.

Rogers, A. (2007). *Non-formal education: Flexible schooling or participatory education?* (Vol. 15). Springer Science & Business Media.

Tudor, S. L. (2013). Formal–non-formal–informal in education. *Procedia-Social and Behavioral Sciences*, *76*, 821-826.